**НОВИ ДИЈАЛОЗИ** / ПРОГРАМА: **360**
ПРЕДАВАЊЕ НА ГУНАР ХАРТМАН И ХАРУН БАДАКШИ

На 26.10.2017 година со почеток во 20.30 часот во амфитеатарот на Архитектонскиот факултет во Скопје, во рамки на програмата „360“ се одржа првото од серијата предавања на странски професори и експерти, планирани да се одржат во зимскиот семестар од учебната 2017/18 година.

Пред присутните наставници и студенти на Архитектонскиот факултет во Скопје свое излагање имаа проф. д-р Гунар Хартман (Gunnar Hartmann) од Институтот за архитектура во Десау при Универзитетот за применети науки Анхалт, како и проф. д-р Харун Бадакши (Harun Badakhshi), директор на Клиниката за онкологија на медицинскиот центар Ернст и Бергман при Универзитетот Хумболт од Берлин, Германија.

Во своето предавање насловено како „Урбанизацијата, здравјето и животната средина“ (Urbanization, Health and Environment) тие ги претставија резултатите од своето сеуште актуелно интердисциплинарно научно истражување, насочено кон проучување на врската меѓу динамизмите на урбанизацијата и нивното влијание врз здравјето на луѓето и животната средина, на примерот на Германија. Поткрепувајќи ги своите хипотези со мноштво на емпириски податоци, Хартман и Бадакши, секој низ сопствениот стручен дискурс, прецизно ги дефинираа и позитивните и негативните влијанија на урбанизацијата по здравјето на луѓето, како и последиците по животната средина. Во продолжение, аргументирајќи ја неопходноста од разбирање на комплексната испреплетеност на здравјето (и здравствената заштита) и урбанизацијата, тие ја скицираа новата – променета - улога на урбаните планери, да претставуваат креативни медијатори на трансферот и интеграцијата на мноштвото специфични знаења од различни домени.

По завршувањето на предавањето следуваше кратка дискусија во која земаа учество повеќе студенти и наставници од Архитектонскиот факултет во Скопје.